20251443172

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ПЛАТНИ СИСТЕМИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на јули 2025 година.

Бр. 08-3949/1
10 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И ПЛАТНИ СИСТЕМИ

Член 1

Во Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” број 90/22, 64/24 и 37/25) во член 146 во ставот (4) по зборовите: „покрај условите од” се додаваат зборовите: „членот 142”.

Член 2

Во член 231 во ставот (3) зборовите: „1 ноември 2025 година” се заменуваат со зборовите: „1 ноември 2026 година”.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Платните налози за присилна наплата од член 179 став (2) од овој закон се доставуваат преку електронскиот систем за присилна наплата почнувајќи од 1 ноември 2027 година”.

Член 3

Во член 234 во ставот (4) зборовите: „1 ноември 2025 година” се заменуваат со зборовите: „1 ноември 2027 година”.

Член 4

Централниот регистар на Република Северна Македонија е должен да го воспостави Единствениот регистар на сметки најдоцна до 1 декември 2026 година.

Член 5

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” број 37/25) во член 23 зборовите: „1 ноември 2025 година” се заменуваат со зборовите: „1 мај 2027 година”.

Член 6

Овој Закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.